РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 09-166/9
31.08. 2015 год.
РОСОМАН

Врз основа на член 3 Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08) Градоначалникот на општина Росоман го издава следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица за организирање на консултација со јавноста по:

**ЛУПД за изградба на асфалтна база на делови од КП 4006/2, КП 4152/1 и КП 4183, КО Росоман и делови од КП 1 и КП 847/2, КО Манастирец, општина Росоман**

Асфалтната база е лоцирана на територија на општина Росоман. Локалитетот се наоѓа на околу 1 км јужно од с. Росоман и 1,5 км северно од с. Манастирец. Ја опфаќа постојната асфалтна база поместена на делови од КП4006/2, КП4152/1 и КП4183, КО Росоман и на делови од КП1 и КП847/2. КО Манастирец, сите на територија на општина Росоман. Предметниот локалитет е со вкупна површина од 2,9 ха.

Јавната расправа ќе се одржи на ден 25.09.2015 со почеток во 11.00 часот, во административните простории на општина Росоман.

Извештајот за стратегиска оцена на животна средина ќе биде ставен на веб страната на општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во периодот од 01.09.2015 до 01.10.2015 година, а може да се рагледа и во просториите на општината секој работен ден.
Општина Росоман ја информира заинтересираната јавност дека во текот на 30 дена, од денот на објавувањето на споменатите документи, може да доставува мислења по истите, по електронски пат на меил адреса administracija@opstinarosoman.gov.mk, по пошта или преку архивата на општина Росоман.

Градоначалник
Општина Росоман
Стојанче Лазов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РОСОМАН